# НАЗИВ НА СУБЈЕКТ:

Основен граѓански суд Скопје

**Вид на ревизија:**

Ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност

**Период:**

2023

**Изразено мислење**

**Финансиски извештаи:**

| 603 | 631 | 696 |
|---|---|---|

**Број на сметки:**

3

**Усогласеност:**

| 603 | 603 | 696 |
|---|---|---|

## Клучни утврдени состојби:

- отсуство на веродостојни, вистинити и уредени сметководствени документи за потврда на набавната вредност на зградата во која е сместен судот, како и недвижни ствари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на судот поради неизвршено примопредавање на истите;
- не е обезбедена поткрепувачка документација за извршен физички попис;
- склучен е договор за закуп на деловна просторија на 01.12.1989 година со валута која не е во примена. До денес не е изготвен нов договор за закуп или анекс на постоечкиот договор, со утврден месечен надоместок во валута која официјално е во оптек од 2002 година и
- депозитите се со утврдена старосна структура и се однесуваат на период 2005 - 2023 година но не е утврден статусот на предметите по судските депозити завршени /незавршени со цел преземање мерки за евентуално враќање на судскиот депозит или уплата на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

## Системски слабости:

- отсуството на одредби за утврдување на платите на вработените во судовите кои вршат технички и помошни работи;
- средствата кои се издвојуваат од Буџетот за 2023 година за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент од 0.8% од бруто домашниот производ на Буџетот на Република Северна Македонија, односно одобрените средства во износ од 2.690.800 илјади денари претставуваат 0,3% од БДП и истите се за 58% помали од законски утврдениот лимит;
- не е пропишана формата и содржината на обрасците за водење на судски депозити и
- неусогласеност во законската и подзаконската регулатива во дефинирањето на сопственоста на застарените депонирани предмети по истекот на десет години од нивното предавање.

**Дадени препораки:** 7

**Доставени забелешки:**

Не

**Одговор на забелешки:**

Не

**Линк до ревизорскиот извештај:**

Позитивно мислење | Мислење со резерва | Неповолно мислење | Воздржување од давање на мислење